Автосообраќаен училишен центар - Qendra shkollore e autotrafikut "Боро Петрушевски" на град Скопје - "Boro Petrushevski" e qytetit të Shkupit

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр. 02-675/1

28.04 20 26 год./viti

# ЗАПИСНИК ОД СЕДНИЦАТА НА УЧЕНИЧКИОТ СОВЕТ

Датум на одржување: 28.4.2026 г.

Време: 11:00 часот

Место: Кабинет по јазик

Дневен ред:

1. Усвојување на записникот од седницата одржана на 30.3.2026;
2. Превенција и рано препознавање насилство;
3. Разгледување на успехот и оценките, однесувањето на учениците, соработката со професорите, тековни прашања и предлози за подобрување и организација на идните активности.

Седницата ја водеше претседателот на Ученичкиот совет Кристина Крајчева во присуство на дваесет и двајца претставници на паралелките и тројца назначени членови од стручната служба и наставниците: Елена Петровска, Мимоза Гичевска и Халиме Демир Хоруни.

На почетокот на седницата беше усвоен дневниот ред, а потоа и записникот од седницата одржана на 30.3.2026 година.

Психологот Елена Петровска реализираше презентација на тема: *Превенција и рано препознавање насилство*, со цел информирање и едукација на учениците. Во рамките на презентацијата беа опфатени основните поими поврзани со насилството, неговите форми и последици, како и механизмите за навремено реагирање и препознавање.

Во однос на третата точка се разговараше за постигнатиот успех и оценките на учениците, нивното однесување за време на наставата, како и соработката со професорите. Беа изнесени тековни прашања и предлози со цел подобрување на наставниот процес и организација на идните активности. Претседателот на Ученичкиот совет Кристина Крајчева предложи да се организира и екскурзија. Учениците едногласно го прифатија предлогот, при што беше наведено екскурзијата да се реализира доколку се исполнат потребните услови.

Како заклучок, беше договорено да се превземат активности за подобрување на успехот и однесувањето на учениците, да се зајакне соработката со професорите, како и да се разгледаат можностите за

реализација на екскурзијата и други заеднички активности во наредниот период.

Претседател на Ученичкиот совет:

Кристина Крајчева

________________________

Генерален секретар:

Анѓела Филиповиќ

________________________